

списание за ПРОМОВИРАЊЕ на БИБЛИСКАТА

# АРХЕОЛОГИЈА

## копање подлабоко

број 8 ● Година II, 2015 ● цена 30 денари ● месечно издание



Светот не е толку стар

Определување на староста со помош на јаглерод

Потеклото на геолошките слоеви

Вистинската планина Синај

На светот му се потребни Десетте заповеди







*Во овој број:*

# Пред да почне Историјата

# Планината Синај

*Во овие текстови зборувавме многу за древното минато. Но, иако е исплатливо да се истражува познатото минато, исто така мораме да се вратиме поназад од она што е напишано и археолошки забележано. Вообичаено, египетската историја се дели на три периоди: период на династиите, период пред династиите и предисториски период. Периодот на династиите е ерата на пишана историја од првата до триесет и првата династија. 31-та династија завршила кога Александар Македонски го окупирал Египет во 332 година пр.н.е. Почетокот на првата династија не е толку прецизно забележан, повеќето археолози го сместуваат во периодот помеѓу 3400 години пр.н.е. и 2800 години пр.н.е. Периодот пред династиите обично се сместува околу 5000 години пр.н.е., а почетокот на предисторискиот период некаде помеѓу 200 000 години пр.н.е. и 2 милиони години.*



Исус бил предаден за 30 сребреници, токму како што било проречено

Меѓутоа, неодамна се појави доказ дека периодот пред династиите би требало да се смета за современост на раниот период на династиите. Во извештајот на Ориенталниот институт на Чикаго од 1988-1989 година се наоѓа извештајот од истражувањето на Брус Вилијамс (Bruce Williams), чии научни текстови за Нармер (Narmer) – другото име на Менес (Menes), првиот цар од првата династија – биле објавувани во археолошки списанија. Но, за време на неговото проучување тој повторно ги разгледувал доказите за откритијата поврзани со периодот пред династиите и заклучил дека има многубројни докази што покажуваат дека материјалот од овој период морало да датира од периодот на династиите. Во извештајот на Ориенталниот институт се вели: „Двата написи се дел од една целина на докази која се проширува и која толку силно го спојува периодот што некогаш бил познат како ʻпред династиитеʼ со времето на пирамидите и подоцна, што терминот би требало да се исфрли од употреба“. Ова е мошне револуционерен заклучок што предизвикал срам меѓу научниците кои со толкава сигурност ја опишувале историјата на „периодот пред династиите“. Всушност, текстот на Ориенталниот институт признава дека: „пред една генерација, ваков предлог би бил незамислив“ (страница 62).

## Светот не е толку стар

Сега веќе и доказите за предисторискиот период може да бидат доведени во прашање. Нема пишани докази за овој период и таканаречените докази се повеќе случајни отколку фактички. Она што е важно е дека од самиот почеток на цивилизацијата во Египет има докази за култура, уметност и вештини. Денешните луѓе се натрупани со знаење, но тоа не значи дека имаме



надмоќна интелигенција. Кој може да ги погледне големите пирамиди во Гиза без да биде воодушевен од прецизноста и од инженерските вештини на луѓето што ги граделе?



„Снежниот човек“ и местото каде што е пронајден

Цивилизацијата не еволуирала, напротив, таа се појавила на сцената со вешто изработени од камен предмети за готвење, ножеви од камен и уметнички украси. Тој период се нарекува камено доба едноставно поради тоа што луѓето сè уште не знаеле да ги претопуваат металите, па биле принудени да го користат материјалот што им бил најдостапен – каменот. Факт е дека е светот многу помлад отколку што сметаат повеќето луѓе. На 19 септември 1991 год. Хелмут Сајмон (Helmut Simon) го истражувал Симилонскиот Глечер (Similaun Glacier) на границата меѓу Австрија и Италија кога забележал делови од човечка глава и раменици на замрзнатата површина. Тоа не бил некој исчезнат скијач, туку се покажало дека е човек од камениот период.

## Определување на староста
### со помош на јаглерод (радиојаглеродна анализа)

Во една статија во списанието „Тајм“ од 26 октомври 1992 год. пишува дека неговата старост била „утврдена со помош на радиојаглеродна метода и дека изнесува околу 5300 години“. Ова звучи навистина импресивно. Зборот „утврдена“ звучи како да не е потребен натамошен аргумент; датумот е определен без никакви расправи. Но секогаш постојат фактори на несигурност во утврдувањето на староста со таквата метода, како и со кој било друг систем за утврдување на таков податок.

Археолозите понекогаш испраќаат примероци од органска материја за тестирање со јаглерод, но ретко го прават тоа за да ја определат староста на примероците. Доколку резултатот од тестот ја потврдува староста што ја одределе врз основа на анализа на пронајдените глинени садови, тие го пријавуваат резултатот од тестот со јаглерод, во спротивно, го игнорираат. Интересен аспект на ова сензационално откритие е неговото идентификување со камениот период, но треба да разбереме што се подразбира под камен период. Вообичаениот концепт ни дава слика за влакнест човек со ниско чело, што живее во пештера, во едната рака држи примитивна палка, а со другата ја влече својата жена за коса. Треба да разбереме дека еден археолог не гледа таква слика кога зборува за каменото време.



„Снежниот човек“ - реконструкција



# **Археолошките** периоди

Во археологијата, историјата и предисторијата се поделени на три основни епохи: камен период, бронзен период и железен период. Ова не значи дека во камениот период се употребувал само каменот, во бронзениот период само бакарот или бронзата, ниту пак дека во железниот период се употребувало само железото. Тоа се само термини со кои се означуваат периодите кога камените, бронзените или железните орудија и предмети биле доминантни. Всушност, постојат многу докази со кои се потврдува дека луѓето од камениот период биле мошне интелигентни и културни. Многу садови, чинии и орудија укажуваат на висок степен на вештина и убавина, а овој факт добро го илустрира човекот пронајден во мразот. Списанието „Тајм“ пишува: „Истражувајќи го тој човек и неговите орудија, научниците стекнаа нови сознанија за општеството во доцниот камен период. Тие беа збунети од софистицираниот дизајн на неговите стрели, кој потсетува на основните елементи на балистиката, и од генијалноста на неговата облека. Уште повеќе зачудува доказот дека луѓето од неолитот (новиот каменен период) ги откриле антибиотските својства на растенијата“. Написот во „Тајм“ продолжува: „Опремата на замрзнатиот човек открива неочекуван степен на софистицираност. Неговата бакарна секира најпрвин по грешка од страна на Спиндлер била сметана како доказ дека потекнува од бронзениот, а не од неолитскиот период. Но, се покажало дека сечилото било изработено од чист бакар, а не од бронза. За археолозите, крзнената футрола за стрели претставува уште поредок доказ... Таа била полна со стрели на чии краеви имало пердуви. Стрелите биле изработени од гранки од калинка и дрен, а многу од нив не биле довршени. Но две биле подготвени за стрелање – со наострени врвови и пердуви. Пердувите биле прицврстени со смола и биле наместени под таков агол кој би предизвикал вртење при летот, со што би се задржала потребната насока“. Можеби човекот од камениот период ја немал можноста за акумулирање мудрост каква што имаме ние денес. Тој можеби немал пристап до научните сознанија кои ние сме ги стекнале со текот на вековите. Можеби не бил во состојба да произведе смртоносно оружје за уништување какво што се користи денес, но нема причина за потценување на неговата интелигенција.

# **Каде** започнало сè?

Која и да е годината означена како почеток на цивилизацијата, треба да се вратиме уште поназад и да се запрашаме: „Каде и кога започнало сè? Од каде потекнува и самата земја?“ Првите луѓе размислувале за ова прашање. Астролозите ги проучувале ѕвездите и планетите. Филозофите дебатирале за почетокот на животот. Пророците тврделе дека имаат божествено просветлување за почетокот на светот, а и ние денес треба да размислуваме за потеклото на животот. Најстарите религии имале концепт за божествено создавање. Луѓето ја гледале убавината на цвеќињата, прецизноста на ѕвездите, и чудата поврзани со животот и репродукцијата, па заклучиле дека сето тоа не може да биде резултат на случајност. Мора да постои творец кој го создал сето тоа. Царот Давид воскликнал: ***„Небесата ја објавуваат Божјата слава, а за делата на рацете Негови известува сводот небесен“*** (Псалм 19,1). А, гледајќи во убавината на сопственото тело и ум, повторно со восхит запишал: ***„Те прославувам зашто сум чудесно создаден“*** (Псалм 149,14). Денес, со нашето напредно знаење за чудесата на природата, би требало да сме во можност да откриеме дека мора да постои некој голем ум зад сето тоа. Од најситниот атом па сè до најголемата галаксија, можеме да видиме совршен дизајн, божествен план. Материјата и енергијата мора да имаат свој творец. Тие не можеле да се создадат самите.

# **Од каде** дошол Бог?

Но некој можеби ќе праша: „А од каде потекнува Господ? Кој го создал Бог?“ Постои само еден можен одговор на ова прашање, а него го наоѓаме во Библијата. ***„Дури уште пред да се појават горите, и пред создавањето на Земјата и на вселената, отсекогаш и засекогаш Ти си Бог“*** (Псалм 90,2). Бог не бил создаден; тој не се родил; тој не еволуирал. Бесконечен во мудроста, семоќен, отсекогаш постоел. Затоа, ако постои Бог, секако дека логичниот одговор на прашањата што ги поставивме за потеклото на животот, е Господ, творецот. Тој бил таму кога се случувало сето тоа. Тој бил сведок и во состојба е да одговори на сите наши прашања, да ни раскаже како започнало сето тоа. Јас верувам дека Тој го направил токму тоа во својата книга, Библијата. Првите зборови во Библијата се: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1). Библијата ни дава доказ дека е Бог авторот како на пишаниот збор, така и на универзумот во кој живееме. Теоријата за еволуцијата стои наспроти библиската сторија за создавањето, но научните ФАКТИ се во согласност со извештајот за создавањето. Секогаш треба да имаме на ум дека е еволуцијата само теорија. Еволуционистите не биле таму кога



нешто еволуирало или било создадено, тие не виделе како се случувале нештата. Тие можат само да шпекулираат. Но Бог БИЛ таму.

## Библијата е во согласност со научните факти

Важно е да се нагласи дека иако Библијата била напишана од луѓе што живееле пред сознанијата од современата наука, сепак, нивните списи не одразуваат ниту една од смешните теории или легенди на нивните современици. Мојсеј се родил и израснал во Египет, *„и ја научи Мојсеј целата мудрост египетска"* (Делата на апостолите 7,22). Но тој никаде не пишува за божицата Нат (Nut) која го голтала сонцето при зајдисонце, и повторно го раѓала при изгрејсонце, ниту пак за бумбарот кој секојдневно го туркал сонцето по небото кон западниот хоризонт. Напротив, Мојсеј напишал: *„Ја закачил земјата на ништо"* (Книгата за Јов 26,7). На луѓето од неговото време тоа веројатно им звучело како голема глупост, но денес, дури и едно мало дете знае дека светот се наоѓа во вселената. Пред откривањето на телескопот, астрономите верувале дека можат да ги избројат ѕвездите, но Бог го предизвикал Аврам: *„Изброј ги ѕвездите, ако можеш да ги изброиш"* (1. Мојсеева 15,5). Денес, со секој нов и посилен телескоп може да се видат милиони ѕвезди повеќе од оние што биле познати претходно. Библијата никогаш не била наменета како учебник за науката, но ако Бог не е автор на Библијата, несомнено таа би содржела некои смешни грешки во врска со природата. Но, ние не наоѓаме такви грешки во Библијата.



Мојсеј напишал: „(Бог) Ја закачил земјата на ништо"

## Дали добар Бог создал лош свет?

Се разбира, ние денес не го гледаме светот онаков каков што го создал Бог. Многу луѓе гледаат на боцките и трњето, на страдањето и тагата, и прашуваат: „Зар би создал Бог ваков свет?" Одговорот гласи: „Се разбира, не!" Работите драстично се промениле откако светот бил создаден со раката на Творецот. Кога згрешил Адам, Бог рекол: *„земјата нека биде проклета за тебе"* (1. Мојсеева 3,17). Во својата падната (грешна) состојба, човекот морал да се соочи со напорна работа, болка и неволји. Кога била создадена земјата, не постоеле ни луњи ни поплави. Немало ни торнада, ни урагани. Немало дури ни дожд. *„Господ Бог уште не праќаше дожд на земјата... но се креваше пареа од земјата и ја оросуваше површината на целата земја"* (1. Мојсеева 2,5.6). Во почетокот немало шилести планини, ниту разбеснети мориња. Имало само тркалезни брда прекриени со прекрасни дрвја и цвеќиња: *„И Господ Бог направи да израснат од земјата секакви дрвја, убави за гледање и добри за јадење"* (стих 9). Немало крвожедни ѕверови, ниту кланици за да обезбедат месо за исхрана за луѓето. *„И Бог рече: 'Еве, ви дадов секакви билки што даваат семе по целата земја, и секакви дрвја што во себе имаат семе според својот род и вид; тоа да ви биде за храна! А на сите земни ѕверови, и на сите небески птици, и на сè што се движи и лази по земјата, во кое има жива душа, им ги дадов сите тревни растенија за храна'"* (1. Мојсеева 1,29.30). На почетокот Бог обезбедил вегетаријанска храна за човекот и за животните. Кога големото дело на создавање било довршено *„Бог виде дека сето она што го создаде е многу добро"* (стих 31).



Кога завршил со создавањето Бог констатирал дека сè е „многу добро"

## Зошто Бог го дозволил гревот?

Но, денес не е така. Очигледно, нешто тргнало наопаку. На почетокот не требало да има ниту болест, ниту смрт. Адам и Ева требало да живеат вечно доколку му биле послушни на Бога. ***„Дрвото на животот*** (беше) ***среде рајот** (градината)"* (1. Мојсеева 2,9). Очигледно е дека плодовите на ова дрво го обезбедувале оној хранлив елемент кој би го спречил процесот на стареење. Но, за да се развијат човечките ментални и морални сили, тој мора да има право на избор. Бог не создал робот без ум. Тој сакал неговите созданија да му бидат послушни, не поради тоа што немаат друга опција, туку поради нивниот личен избор. *„И му заповеда Господ Бог на човекот: Од секое дрво во градината можеш да јадеш, освен од дрвото за познавање на доброто и злото; од него не јади"* (1. Мојсеева 2,16.17).



За жал, нашите прародители не го направиле вистинскиот избор. Тие не верувале дека Бог навистина го мисли тоа што го рекол. Како и многумина денес, тие мислеле дека знаат подобро, па затоа не го послушале својот Творец. Тие јаделе од забранетото дрво. Резултатите биле катастрофални не само за нив, туку и за нивното потомство. Страдањето и смртта станале составен дел


Потопот во времето на Ное

од човечкиот живот, а лицето на природата се изменило. Почнале да се појавуваат трње и боцки, а животните станале крволочни. Но најлошото допрва следувало. И покрај присуството на сјајниот херувим, заштитник крај портите на Едемската градина, поголемиот дел од наследниците на Адам не ги почитувале Божјите заповеди. *„Лошотиите меѓу луѓето на земјата се умножуваа“* (Битие 6,5).

## Потеклото на **геолошките слоеви**

За да спречи целосна изопаченост на човечката раса, Бог решил да пушти сеопшт потоп на земјата. Само еден праведен човек по име Ное и неговото семејство се спасиле од уништувањето кое ја опфатило целата земја. *„Во тој ден бликнаа сите извори на големата бездна и се отворија окната небески... И порасна водата на земјата толку многу што ги покри сите високи планини... Тогаш го изгуби животот секое суштество што се движеше по земјата: и птиците, и добитокот, и ѕверовите, и сите лазачи што се влечат по земјата, и сите луѓе“* (1. Мојсеева 7,11.19.21). Во текот на 150 дена семејството на Ное пловело по надојдените води во необичниот брод за кој Бог им рекол да го изградат. Но, додека обилните води се бранувале наваму-натаму, изгледот на земјата се променил. Плимата и силните водни струи ги изместиле ридовите од нивните подножја и наталожиле кал, песок и отпадоци врз телата на луѓето и животните. Огромни шуми биле закопани, за подоцна да формираат резерви на јаглен; растенија и животни биле заглавени во слоеви од кал, станувајќи фосили врежани во камен. Страничните притисоци предизвикале огромни пространства земја да се формираат како големи планини. Запаливи материјали, закопани длабоко во земјата, се запалиле да исфрлаат вулкански прав и растопена лава. Во времето кога се повлекле водите од потопот, земјата сосем ја изгубила својата првобитна слава.


Геолошките слоеви кои денес ги гледаме се создале при тектонските движења за време на потопот

## Сторијата за потопот
### е универзална

Некој можеби ќе рече дека сето ова е само уште една библиска легенда, но значајно е да се одбележи дека оваа легенда преживеала во повеќето држави во светот. Рене Норберген (Rene Noorbergen) е новинар заинтересиран за сторијата за ковчегот на Ное. Тој отишол на експедиција на планината Арарат и ја напишал книгата „Досие за ковчегот“ (The Ark File). Тој тврди дека ја открил оваа сторија, со мали разлики, во легендите на повеќе од 80 етнички групи од разни места во светот. Не било можно сите тие различни групи и раси да ја прифатиле верзијата од своите соседи. Логично објаснување е дека целиот човечки род има заедничко потекло. Сите потекнуваат од Ное и сите ја сочувале сторијата во својот фолклор или религија. Археолозите ја откриле сторијата за светски распространетиот потоп на плочките испишани со клинесто писмо кои биле ископани во Месопотамија. Епот Гилгамеш и плочките со текстот за сумерскиот потоп се примери за тоа.

## Многу научници се **креационисти**

Теоријата за еволуцијата е мошне широко прифатена. За многумина претставува олеснување да се ослободат од идејата за Бога пред кого имаат одговорност. Но не треба да мислиме дека сите научници се еволуционисти. Има многу висококвалификувани научници кои сметаат дека доказите што се достапни не ја поткрепуваат теоријата за еволуцијата. Многу луѓе се потсмеваат на идејата за моментално создавање. Тие се држат за теоријата за униформност (непроменливост) – дека она што го гледаме како


Многу научници не ја прифаќаат теоријата на еволуција, тие се креационисти



се случува денес, се случувало и порано, односно дека станува збор за бавен еволутивен процес во текот на милиони години. Библијата го предвидела ваквиот став. „Во последните дни ќе се јават подигрувачи, кои ќе се подбиваат и ќе живеат според своите сладострастија. Ќе велат: *„Каде е ветувањето за Неговото доаѓање? Зашто, откако татковците наши изумреа, сè си стои така како од создавањето на светот“* (2. Петрово 3,3.4). Некои се повикуваат на јаглеродната метода за утврдување на староста, за да го поткрепат својот став за еволуциското потекло. Методата „јаглерод-14“ (C-14) за определување на староста може да се смета како релативно точна, во споредба со историските податоци. Но, освен познатата историја, никој не може да биде сигурен дека е таа метода веродостојна.

Како сите останати системи за утврдување, анализата наречена „јаглерод-14“ претпоставува дека „сите работи продолжуваат да се одвиваат исто како и на почетокот“. Таа ја игнорира идејата за создавање која веќе била развиена. Кога Адам излегол од рацете на Творецот, тој веќе имал залихи на јаглеродни елементи во својот систем, а сепак го живеел првиот ден од својот живот. Дрвјата веројатно во своите стебла веќе имале прстени, иако штотуку биле создадени. Несомнено, некои карпи веќе имале изглед на зрелост (старост) поради што геолозите би ги прогласиле за стари неколку милиони години. Прифаќањето на Библискиот извештај за универзален потоп во времето на Ное, исто така помага да се објаснат неправилностите на методата „јаглерод-14“. Фосилните извештаи покажуваат дека некогаш постоеле тропски услови на места кои сега се покриени со снег. Ваквите докази покажуваат дека пред потопот, земјата била опкружена со водена пареа која обезбедувала



Фосилните извештаи покажуваат дека некогаш постоеле тропски услови на места кои сега се покриени со снег (скелет од мамут)



топлина врз целата нејзина површина (1. Мојсеева 1,6.7). Можеби јаглеродот 14 бил присутен во атмосферата во тоа време, но во многу помали количини во однос на јаглерод 12. Бидејќи никој не може да знае какви услови преовладувале пред или непосредно по потопот, податоците за настаните пред пишаната историја не можат да бидат потврдени. Разбирливо е дека едно безбожно општество цврсто ќе се држи за теоријата на еволуцијата и покрај сите недоречености. Таа претставува само алтернатива на божествениот творец. Сепак, изненадува фактот што поголемиот дел од христијанскиот свет ја прифатил оваа теорија.



Библијата зборува за ново небо и нова Земја

## Еволуцијата и создавањето
### не се компатибилни

Библијата не остава никаков простор за бавен еволутивен процес на настанувањето на светот. *„Преку словото на Господ беа создадени небесата, и преку Духот на устата Негова – сите сили нивни... зашто Тој рече и тие настанаа; тој заповеда и се создадоа“* (Псалм 33,6.9). А ако христијаните веруваат во Исуса Христа, тие би требало да веруваат во создавањето, зашто Исус бил креационист. Исус рекол: *„Во почетокот на создавањето, пак, Бог ги создаде машкото и женското“* (Марко 10,6). А Исус би требало да знае, зашто тој всушност бил и Творецот. *„Бидејќи преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата... сè е преку Него и за Него создадено“* (Колошаните 1,16). Освен тоа, еволуцијата ја напаѓа срцта на пораката за спасение преку Исус Христос. Ако не постоело создавање, тогаш не се случил ниту падот во грев. Ако не постоел грев, тогаш немало потреба ниту од спасител. Но, создавањето и падот во грев се случиле, па затоа и Исус Христос дошол на овој свет, да умре за гревовите на човечкиот род, за да го врати светот во неговата почетна убавина и совршеност. Наскоро Исус ќе се врати да ја обнови земјата. ***„И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина, и морето го немаше веќе... и ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“*** (Откровение 21,1.4).





## Потребни услови

Никој не може да ужива во вечниот живот во тој прекрасен свет доколку не



исполни определени услови. Човечкиот род ја изгубил оригиналната Едемска градина поради својата непослушност, а единствениот пат до вечниот живот е преку верата во жртвата која Божјиот Син ја принесол за нас, и сообразност со законот кој Адам и Ева непромислено го прекршиле. *„Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите“* (Откровение 22,14). На многумина можеби ова им изгледа како недостижна цел. Тие толку долго ги прекршувале Божјите заповеди што се чувствуваат немоќни да се ослободат од стегите на гревот и лошите навики. Но, Исусовата сила им е ветена на сите што ќе го изберат патот на верата и послушноста. Во 1. Мојсеева 1,1 еврејскиот збор за создавање е „barah“. Овој збор го означува божественото дело на создавање. Тој не се употребува за столар кој изработува маса од парче дрво, ниту пак за ѕидар кој гради ѕид од камен. Тој се употребува за Бога, кој создава нешто од ништо. *„Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“*. Истиот збор „barah“ се користи за Божјото дело на повторно создавање на земјата во иднината. *„Зашто, ете, Јас создавам ново небо и нова земја“* (Исаија 65,17). Овој збор „barah“ се сретнува и во Псалм 51,10. Царот Давид извршил серија скандалозни гревови. Најнапред извршил прељуба со Вирсавеја. Потоа, средил нејзиниот сопруг да биде убиен за да може легитимно да ја земе за жена. Кога пророкот Натан го објавил неговиот грев, Давид се покајал. Пророкот го уверувал дека гревовите му се простени (2. Самоилова 12,13). Но Давид знаел дека е потребно уште нешто. Неговото попуштање на гревот создало грешен образец во неговиот ум, па тој знаел дека е невозможно самиот да го промени таквиот образец. Со голема болка во душата тој се молел: ***„Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене“*** (Псалм 51,10). Тука го сретнуваме повторно еврејскиот збор „barah“ – божествено дело на создавање. Давид знаел дека тоа било она што му било потребно, а токму тоа ни е потребно на сите нас во овој грешен свет. Ние не сме во состојба да ги промениме грешните обрасци во нашиот живот. Грешните желби што ги негуваме и лошите навики можат да се прилепат цврсто за нас. Само божественото дело на обновување може да нè спаси од нашите грешни патишта. Но, токму тоа ни е ветено. Исус му рекол на воображениот фарисеј: *„Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо“* (Јован 3,3). Тоа нешто ни е потребно на сите – нов живот одозгора. Тоа е она што ни го ветил Бог – обновување, сила да ги победиме сите понижувачки навики и навики што го уништуваат нашето здравје. *„Сè можам преку Исус Христос, кој ме крепи“* (Филипјаните 4,13). Понудата важи за сите што сакаат да ја прифатат.






# ПЛАНИНАТА СИНАЈ






Името на планината Синај е денес добропознато пред сè поради библискиот извештај за излегувањето на Израелците од Египет и нивното заминување во Ханан. Сторијата за *Излезот* е една од најголемите епски записи во Библијата, и е еден од најзабележителните настани во светската историја. Низ целата Библија, како во Стариот така и во Новиот завет, овој настан се споменува како историски настан, а Евреите низ светот сè уште го одбележуваат секоја година во своите пасхални церемонии. Маршрутата по која се движеле Израелците од областа Гешен во Египет детално е прикажана во 2. Мојсеева книга (Излез). За жал, ниту едно од местата на нивната рута денес не може со сигурност да се идентификува. Дури, истражувачите не можат да се согласат ни околу терминот „Црвено Море“. Еврејските зборови се Yam Suph, кои буквално се преведуваат како „море од трски“. Поради тоа, многу истражувачи го изедначуваат тој термин со Горчливите Езера, кои се наоѓаат меѓу Средоземното Море и северниот дел на Црвеното Море, каде што можеби растеле трски. Но ова и не е сосем задоволително решение, бидејќи заливот Акаба исто така се нарекува и Црвено Море (Yam Suph) (5. Мојсеева 2,1), а таму сигурно не растат трски. Затоа, терминот „Море од трски“ не мора да значи дека таму растеле трски.

# Местото на **преминување**



Ако Црвеното Море, кое се споменува во библискиот извештај, е истото Црвено Море кое го знаеме денес, тогаш каде би можеле да го преминат Израелците? Има неколку места каде што би можело да се случи тоа, но по патувањето на југ покрај западниот брег на Црвеното Море и проучувањето на релјефната мапа на тој регион, одговорот изгледа мошне очигледен. Кај Адабија, десет километри јужно од Суец, Црвеното Море се стеснува и достигнува широчина од само седум километри. На ова место на западната страна, стрмна и нерамна линија од карпести планини се нурнува во морето, па таквиот терен би попречил каков и да е напредок на Израелците, кои биле во бегство. Со ваква голема пречка во вид на планина пред нив, Црвеното Море од нивната лева страна и египетската армија зад нив, не е чудно што тие *„извикаа кон Господ“* (2. Мојсеева 14,10). Тогаш „Господ го разбранува морето со источен ветар, кој дуваше силно цела ноќ, па се направи во морето суво и водата се раздели. Ова им помогнало на Израелците да преминат на другата страна, а кога Египќаните тргнале по нив *„се поврати водата, ги потопи колите и коњаниците со сета војска фараонова“* (стих 28). Овој терен претставува извонредно место за такво сценарио. Планините го попречиле нивното напредување, а морето доволно тесно за да можат сите Израелци да го преминат за една ноќ, па сепак доволно широко за да се најде сета египетска армија на морското дно кога водата се повратила и ги потопила. Единствено прашање на кое треба да се одговори е „колку е длабоко Црвеното Море на ова место?“ Не дека Бог не би можел да ја врати назад морската вода без оглед на длабочината, туку, доколку спуштањето во сувото морско дно би било премногу стрмно, тоа би претставувало пречка за старите луѓе, за жените со децата, и за стадата што оделе со нив. Научничката мапа на Црвеното Море го дава одговорот. Северно од ова место за кое се претпоставува дека се случило преминувањето, морето е 20 метри длабоко, а на југ од ова место, тоа е длабоко 30 метри. Но токму на ова место има половина километар широк гребен под морето, кој ја намалува длабочината на водата до максимум од 8 метри. Ова откритие дава цврсти аргументи дека тоа би можело да биде местото каде што се случил овој значаен настан.





Местото каде најверојатно се случило преминувањето

# **Џебел Муса** и Света Катарина

Одовде па натаму, маршрутата е неизвесна. Традиционалниот пат се протега 120 км југоисточно покрај брегот на Црвеното Море, потоа 90 км на исток до Џебел Муса (планината Синај). Но ваквата традиција нè враќа само до вториот век од новата ера, кога побожни монаси одлучиле да живеат на планината Синај, па ги избрале највисоките планини на Синајскиот Полуостров.



Поглед на залезот на сонцето од Џебел Муса

Џебел Муса се наоѓа на 2300 метри надморска височина, а Џебел Катарина на 2600 метри. Планините се карпести и глетката од врвот е извонредна.

Во раната христијанска ера монасите подигнале живеалишта во подножјето на овие планини, но дивите номади не им давале мир, па многу од монасите загинале. Во четвртиот век од новата ера, Елена, мајката на римскиот император Константин, ја посетила Светата земја. Таа слушнала за неволјите на монасите, па наредила да им се изгради кула во која ќе можат да се заштитат. Во 530 година императорот Јустинијан подигнал цврст одбранбен ѕид околу црквичката во која се моделе. Во третиот век од нашата ера, една богата млада жена во Александрија (Египет) по име Катарина, се обратила кон христијанството. Таа подоцна настрадала поради својата вера. Според една легенда, нејзиното тело на чудесен начин било пренесено на највисокиот врв во овој предел. 300 години подоцна монасите тврделе дека го пронашле нејзиното тело и го сместиле во позлатен ковчег кој сега се наоѓа во капелата од манастирот. Поради тоа, манастирот се вика



Манастирот Света Катарина во подножјето на планината

Света Катарина или Санта Катарина. Во 1934 г. грчките монаси ја презеле контролата врз манастирот. Кога ќе умре некој од овие монаси, неговото тело го закопуваат, а по извесно време неговите коски ги откопуваат и ги ставаат на куп во една просторија која е позната под името „скелетна соба“. Посетителите денес можат да го видат овој морничав рид од коски.



Просторијата со черепи во манастирот Св. Катарина

## Кодексот **Синаитикус**

Во манастирот има библиотека со многу стари библиски ракописи. Еден од познатите ракописи што потекнуваат оттука бил и Кодексот Синаитикус, кој денес се наоѓа во Британскиот музеј. Тој вклучува комплетна копија на Новиот завет на грчки јазик, и речиси целосна грчка копија на Стариот завет. Сторијата за неговата набавка е интересна. Во 1844 година еден германски научник, Константин фон Тишендорф, го посетил манастирот во потрага по стари ракописи. Познатата сторија говори дека Тишендорф забележал неколку страници од пергамент во една кошница со отпадоци кои требало да завршат во печка за согорување на отпадоци и ги убедил монасите да му ги дадат тие 43 листа. Му ги покажал на својот патрон, кралот Фредерик Август од Саксонија. Во 1859 година Тишендорф повторно го посетил манастирот, и според неговиот извештај, таму му биле дадени 199 листа од Стариот завет и целосниот Нов завет. Тој им рекол на монасите дека треба да биде назначен нов архиепископ, а за да добијат поддршка од царот на Русија за нивниот кандидат, монасите му ги предале тие 199 страници на Тишендорф да му ги однесе на царот. Денес во манастирот може да се види писмото потпишано од Тишендорф, во кое тој ветува дека ќе ги врати земените ракописи. Монасите одрекуваат дека страниците биле дадени, тие биле само позајмени. Во 1917 година, комунизмот завладеал во Русија, па атеистичкиот режим имал поголема корист од парите отколку од христијанските ракописи. Затоа, во 1933 година руската влада му ги продала ракописите на Британскиот музеј за 100000 фунти. Продолжението на оваа сторија се случило кога во 1975 година избил пожар во манастирот, при што биле оштетени делови од ѕидот. Во текот на градежните работи при реконструкцијата, делови од ѕидот се урнале откривајќи тајна одаја полна со древни ракописи. Веста за ова сензационално откритие не допрела до надворешниот свет сè до 1977 година, кога еден грчки научник, професор Агуридис од Атина, го посетил манастирот и дознал за тоа. Тој тврди дека разгледал неколку страници, и негово мислење е дека тие го вклучуваат остатокот од Кодексот Синаитикус. Но, по искуството со Тишендорф, монасите се претпазливи и не дозволуваат никому да ги разгледува нивните ракописи, па затоа научните кругови чекаат поволен момент за да се објави каква било следна информација.



Константин фон Тишендорф



Кодекс Синаитикус, денес се наоѓа во Британскиот музеј



Кодекс Синаитикус, детаљ

## **Вистинската** планина Синај

Качувањето од манастирот, кој се наоѓа во подножјето на планината, до врвот Џебел Муса (Планината на Мојсеј) трае околу два часа, во зависност од способноста на тој што се качува. На врвот се наоѓа мала грчка црквичка. Некои научници сметаат дека Џебел Муса не е вистинската планина Синај, со образложение дека нема соодветно место во подножјето на планината, каде што би можеле да кампуваат голем број луѓе. Библискиот извештај, изгледа, споменува за тоа во стихот запишан во 1. Мојсеева 19,11: *„И нека се пригответ за третиот ден, зашто во третиот ден ќе слезе Господ на Синајската Гора пред сиот народ“*. Овие научници го претпочитаат гранитниот гребен наречен Рас ес Сафсафех во чие подножје се наоѓа една рамнина која може да собере многу луѓе. Но постојат проблеми со ваквата идентификација, и има уште најмалку 10 други алтернативни локации наведени од други научници. И покрај сè, не постои ништо што би посочувало дека вистинската планина Синај мора да биде највисоката планина во тој регион. Најнов податок е изнесен од страна на Емануел Анати (Emmanual Anati), кој поминал многу години вршејќи ископувања на планината Карком јужно од Кадеш. Таму тој нашол докази за култни активности што се случувале во периодот на раната бронзена ера, и камења за кои тој верува дека биле поврзани со библиските настани што се случиле таму. Раната бронзена доба е премногу ран временски период за Излезот, според мислењето на секој друг (освен за Анати), а неговата планина не е ништо друго освен стрмен рид, кој воопшто не одговара на описот. Лично сметам дека најсоодветни се ридестите планини источно од Акаба. Тука е и високата планина наречена Џебел Багир (Jebel Baghir) идентификувана како планината Синај во 1878 година од страна на Чарлс Беки



Туристи се искачуваат на планината Синај

(Charles Beke), исклучителен британски патешественик и библиски проучувач (Enc Brit Vol 3 p 409). Друга планина во таа област е Џебел Рам, која е висока 1750 м. Таа земја им припаѓала на Мидјаните, каде што Мојсеј ги чувал стадата на Јотор, и каде што ја забележал грмушката што гори. *„Мојсеј го пасеше стадото на Јотор, тестот свој, свештеникот мидјански. Еднаш го одведе стадото далеку во пустината и дојде до Божјата планина Хорив"* (1. Мојсеева 3,1). Хорив е уште едно име за Синај (1. Царевите 8,9). А Павле рекол дека Синај е во Арабија (Галатите 4,25). Уште еден значаен фактор е дека планината Синај била оддалечена само *„единаесет дена пат од Хорив преку планината Сеир до Кадис Барнеа"* (5. Мојсеева 1,2). Овој податок не би одговарал на патувањето од Џебел Муса, но би бил во таа временска рамка доколку локацијата на Синај е во близина на Акаба.



Поглед од платото на врвот на планината Синај

# Десетте Божји **заповеди**

Без оглед на точната локација на планината Синај, нејзината важност се состои во тоа што таму биле објавени Десетте Божји заповеди. Тоа бил еден од најважните настани во светата историја. Бог проговорил пред мноштво од два милиони луѓе, а подоцна ги запишал своите зборови на камени плочи, кои му ги дал на Мојсеј: *„А третиот ден, на осамнување, загрме и молњи засветкаа, и настана густ облак над планината, и затруби труба со многу силен глас, така што затрепери сиот народ, кој беше во логорот... А Синајската Планина целата беше зачадена, зашто Господ беше слегол на неа во оган; и чад се креваше од неа, како чад од печка; и целата планина силно се тресеше... Тогаш Бог ги кажа сите овие зборови, велејќи:* ***'Јас сум Господ, Бог твој, кој те изведе од земјата египетска, од домот на ропството. Немој да имаш други богови освен мене! Не прави за себе идол, ниту некаква слика на она, што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата под земјата; немој да им се поклонуваш, ниту да им служиш, бидејќи јас сум Господ, Бог твој; Бог ревнител, кој за гревовите на татковците ги казнува децата до третото и четвртото колено, ако ме мразат; кој покажува милост на илјадници кои ме сакаат и ги чуваат моите заповеди. Не изговарај го напразно името на Господ, твојот Бог, бидејќи Господ нема да го остави неказнет оној што напразно ќе го изговори Неговото име. Помни го саботниот ден, за да го празнуваш. Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни добитокот твој, ниту придојдениот кај тебе, зашто за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сè што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети. Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да поживееш подолго на земјата, што ти ја дава Господ, твојот Бог. Не убивај! Не врши прељуба! Не кради! Не сведочи лажно против својот ближен! Не пожелувај го домот на ближниот свој, не пожелувај ја жената на ближниот свој, ни слугата негов, ни слугинката негова, ни волот негов, ни магарето негово, ниту нешто друго, што му припаѓа на ближниот твој!'"*** (1. Мојсеева 19,16 – 20,17).



# На светот му се потребни **Десетте заповеди**

Тие се сите добри заповеди и светот би бил многу поубаво место кога сите тие би се испочитувале. За жал, мал е бројот на луѓето што го признаваат Божјиот авторитет во својот живот. Овој Закон многу често се прекршува кога



луѓето мислат повеќе на тоа како да заработат пари, на спорт или на потрага по забава, наместо да мислат на Бога. Хулата на Бога е широкораспространета, Божјото име се изговара од страна на безбожни усни, неказнето, саботата се игнорира, а животот е мошне евтин. Бројот на самоубиства алармантно расте. Убиствата без каков било мотив стануваат вообичаени, и невини луѓе се убиени во сопствените домови. Заповедта „не убивај“ целосно се игнорира. Кога станува збор за моралот, „слободното“ општество не ја почитува седмата заповед. Предбрачните сексуални односи станале норма, de facto партнерите се законски, а неверството е распространето насекаде. Резултат од сето тоа се растурени бракови и психолошки растроени деца. Божјиот закон даден на Мојсеј ја осудувал хомосексуалноста. *„Ако некој легне со маж како со жена, и обајцата извршиле гнасно дело: да бидат убиени, виновни се“* (3. Мојсеева 20,13; 18,22). Но хомосексуалноста постојано се практикува. Една од причините за уништувањето на Содом била токму таквиот грев (1. Мојсеева 19,5.24). Но денес, овој неприроден грев е озаконет и се бара таа одлука да се почитува. Всушност, хомосексуалноста се глорифицира преку геј-парадите. Заповедта „не кради“ опфаќа мамење, земање и давање поткуп, и корупција, гревови што се многу раширени дури и меѓу припадниците на полицијата, меѓу политичарите и владините службеници. Навистина, чесноста стана многу ретка особина.









## Исус ги потврдил
### Десетте заповеди

За жал, не само што оние што не се професионално врзани за христијанството го прекршуваат Божјиот закон, туку и многумина што се декларираат како христијани ја негираат обврската да го почитуваат. Тие тврдат дека Исус го укинал Законот кога умрел на крстот, дека веќе не сме под Законот туку под милоста, и дека верата во Христа нè ослободува од обврската спрема Законот. Дали е ова во согласност со учењето на Библијата? Исус никаде не споменал дека го укинува Законот. Тој, на прашањето на младиот благородник *„Учителе добар, какво добро да направам, за да имам вечен живот?“* дури рекол: *„Ако сакаш да влезеш во животот, запазувај ги заповедите“* (Матеј 19,17). А за да покаже на кои заповеди мисли, тој цитирал некои од заповедите дадени на Синај (стих 18, 19): *„Исус одговори: 'Не убивај, не врши прељуба, не кради, не сведочи лажно; почитувај ги татка си и мајка си; љуби го ближниот свој како себеси!'“* Се чини дека некои христијани ја сметаат Исусовата проповед на Горната на блаженствата како замена за Законот даден на планината Синај. Меѓутоа, Исусовите зборови не ја поткрепуваат оваа идеја. Тој рекол: *„Немојте да мислите*



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# ПРЕД ДА ПОЧНЕ ИСТОРИЈАТА

**1.** За кој период од египетската историја археологот Брус Вилијамс говорел дека треба да биде исклучен? Одговор:

**2.** Зошто периодот камено доба го носи тоа име? Одговор:

**3.** Според Библијата, колку време постои Бог? Одговор:

**4.** Како била наводнувана Земјата на почетокот? Одговор:

**5.** Според Библијата, на што била „закачена“ Земјата? Одговор:

**6.** Каков вид храна им давал Бог на луѓето и на животните при создавањето? Одговор:

**7.** Колку дена водата ја покривала земјата? Одговор:

**8.** Во колку култури Норберген ја пронашол легендата за потопот? Одговор:

**9.** Како се вика археолошкиот еп во кој се споменува сторијата за потопот? Одговор:

**10.** Кои три дела на создавање, кои се означени со еврејскиот збор „БАРАХ“, се споменуваат во оваа статија? Одговор: а) б) в)

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

АРХЕОЛОГИЈА

# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

## ПЛАНИНАТА СИНАЈ

***1.*** Што употребил Бог за да го исуши Црвеното море? Одговор: ______

***2.*** Како се вика највисокиот врв на Синајскиот полуостров? Одговор: ______

***3.*** Како се вика традиционалната Синајска планина? Одговор: ______

***4.*** Кој важен ракопис бил најден на Света Катарина? Одговор: ______

***5.*** Како се вика планината која неодамна била идентификувана од Анати како планината Синај? Одговор: ______

***6.*** Што му рекол Исус на младиот богат благородник дека треба да држи (почитува)?

Одговор: ______

***7.*** Со кои три збора Павле ги опишал заповедите во Посланието до Римјаните?

Одговор: а) ______ б) ______ в) ______

***8.*** Според Новиот Завет, што ветил Бог дека ќе запише во срцето?

Одговор: ______

***9.*** Дали Бог нé прифаќа врз основа на нашата послушност? Одговор: ______

***10.*** Ако сториме грев по обратувањето, кој е наш застапник?

Одговор: ______

***** Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

______

______

**Ваши податоци**

Име и презиме ______ Телефон ______

Адреса ______

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



*дека сум дошол да го поништам Законот или пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам"* (Матеј 5,17). Всушност, наместо да го поништи Законот, Исус го проширил неговото значење. Тој рекол: *„Сте слушале дека на старите им било речено: 'Не врши прељуба!' Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба кон неа, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое"* (Матеј 5,27.28). Значи, Исус не само што ги поддржувал Десетте заповеди, туку го поучувал народот дека тие се однесуваат исто толку на мислите и на мотивите, колку што се однесуваат на самиот чин. Всушност, Новиот завет, наместо да ги замени Десетте заповеди, ни помага да ги почитуваме и држиме. *„Но овој е заветот што ќе му го дадам на домот Израилев во оние дни, вели Господ: ќе ги врежам законите свои во мислите нивни, и во срцата нивни ќе ги напишам"* (Евреите 8,10).

## Апостолите
### го поддржувале Законот

Апостолите не го поучувале народот дека Законот веќе не важи. Павле прашал: *„Зар е Законот грев? Никако! Но јас го разбрав гревот преку Законот, зашто и алчноста (сладострастието) не би го препознало, ако Законот не велеше: 'Не биди алчен'... Така, значи, Законот е свет, и заповедта света, праведлива и добра"* (Римјаните 7,7.12). Јован, апостолот на љубовта, запишал: *„По тоа знаеме дека сме го познале, кога ги чуваме Неговите заповеди. Кој вели: 'То познав', а заповедите Негови не ги чува, тој е лажливец и во него нема вистина"* (1. Јованово 2,3.4). Ова се силни зборови, и сигурно е



Десетте заповеди сè уште важат за луѓето

дека не ја поддржуваат идејата дека христијаните немаат обврска да ги почитуваат Десетте Божји заповеди.

## Милоста
### и Законот

Но дали е можно да се држи овој Закон; да се живее според тој висок стандард? Христијаните не треба да се обесхрабруваат ако згрешат. Некој можеби повремено ќе се врати на некоја лоша навика, ќе употреби некои непристојни зборови или дури ќе изврши и некој поголем грев, како што направил царот Давид кога извршил прељуба со Вирсавеја. Царот Соломон рекол: *„Нема човек што не греши"* (1. Царевите 8,46), а Јаков запишал: *„Сите ние многу грешиме"* (Јаков 3,2). Но токму тука на дело стапува милоста. *„Вие не сте под Законот, туку под благодатта (милоста)"* (Римјаните 6,14). Не постои ништо со што можеме да заслужиме простување. Не постои начин со кој можеме да ја добиеме Божјата наклонетост преку нашата послушност (Галатите 2,16). Но Исус, Божјиот син,

АРХЕОЛОГИЈА копање подлабоко

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 8, година II, 2015 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

дошол на овој свет и живеел живот исполнет со совршена послушност. Тој *„искусил сè како и ние, освен грев“* (Евреите 4,15). Кога ќе го прифатиме Исуса Христа како наш Спасител и ќе поверуваме дека Тој умрел за нашите гревови, неговиот живот на совршена послушност ни се припишува нам и ние стоиме пред Бога како никогаш да не сме згрешиле. Тоа е Божјата милост на дело. Тогаш не сме под осудата на Законот, туку сме под милоста (опфатени со милоста). Но, што се случува ако згрешиме? Дали Бог го укинува своето простување и ја отстранува неговата праведност од нас? Не, тој не го прави тоа. Тоа е прекрасниот дел од Божјата милост. *„И сега нема никакво осудување за оние што се во Исус Христос“* (Римјаните 8,1). *„Чеда мои, ова ви го пишувам за да не грешите; и ако некој згреши, кај Отецот имаме Застапник, Исус Христос, Праведникот“* (1. Јованово 2,1).



Еден писател со право ја истакнал оваа вистина: „Ние често ќе мораме да паѓаме пред Исусовите нозе и да плачеме поради нашите недостатоци и грешки, но не смееме да се обесхрабриме. Дури и ако непријателот нè надвладеал, Бог не нè отфрла, не нè заборава и не нè одбива! Не! Христос се наоѓа од десната страна на Бога и самиот се зазема за нас“ (Патот кон Христа, стр. 63). Се разбира, ние секогаш имаме слобода да се откажеме од одлуката да го следиме Христа. Ако му го свртиме грбот на Исус, тогаш се откажуваме од праведноста која тој бесплатно ни ја дава. Но сè додека секојдневно ИЗБИРАМЕ да бидеме послушни на Божјиот закон, и со Божја помош вложуваме напори да му бидеме послушни, ние сме Негови деца и Тој нема да нè напушти.


**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

Четирите големи

**КАПЕРНАУМ и ИМПЕРИИ**

- Археологијата во Капернаум
- Најдобриот ден од седмицата
- Како да се толкува библиско пророштво?
- Историјата прикажана низ необични сверови
- Обид да се промени Божјиот закон

